ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач: в.д.Градоначалник на
Општина Аеродром
Дејан Митески

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

# ЗАВРШНА СМЕТКА
# НА БУЏЕТОТ
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА 2024 ГОДИНА

**февруари 2025 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, (Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), како и член 87, став 2, од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 20/12, 21/14, 23/14, 04/19, 01/21), Советот на Општина Аеродром на -- седница одржана на ден __.__.2025 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2024 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **<u>I - Вкупно приходи</u>** | **<u>1.213.356.000 ден.</u>** | **<u>1.080.922.582 ден.</u>** |
| Даночни приходи | 400.497.000 ден. | 342.151.082 ден. |
| Неданочни приходи | 92.326.000 ден. | 60.211.081 ден. |
| Капитални приходи | 5.160.000 ден. | 13.270.353 ден. |
| Приходи од дотации | 611.450.000 ден. | 611.450.464 ден. |
| Трансфери | 86.575.000 ден. | 46.530.796 ден. |
| Донации | 17.348.000 ден. | 7.308.806 ден. |
| **<u>II - Вкупно расходи</u>** | **<u>1.394.207.000 ден.</u>** | **<u>1.190.306.236 ден.</u>** |
| Утврдени намени | 1.391.907.000 ден. | 1.190.269.522 ден. |
| Резерви | 2.300.000 ден. | 36.714 ден. |
| **<u>III - Дефицит/Суфицит</u>** | **<u>-180.851.000 ден.</u>** | **<u>-109.383.654 ден.</u>** |
| **<u>IV - Финансирање</u>** | **<u>180.851.000 ден.</u>** | **<u>109.383.654 ден.</u>** |
| **Прилив** | **<u>180.851.000 ден.</u>** | **<u>109.383.654 ден.</u>** |
| - Приливи од домашни заеми | 0 ден. | 0 ден. |
| - Приливи од странски заеми | 0 ден. | 0 ден. |
| - Депозити | 180.851.000 ден. | 109.383.654 ден. |
| **<u>Одлив</u>** | **<u>0 ден.</u>** | **<u>0 ден.</u>** |
| Отплата на главница | 0 ден. | 0 ден. |

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Аеродром на 31.12.2024 година, вкупно изнесува 95.276.286 денари, и тоа:

| | |
|---|---|
| Салдо на 31.12.2024 год. | 95.276.286 денари |
| - Салдо на с-ка основен буџет | 33.364.262 денари |
| - Салдо на посебни с-ки (789) | 57.544.343 денари |
| - Салдо на с-ка блок дотации | 837.123 денари |
| - Салдо на с-ка самофинансирачки активности | 3.096.223 денари |
| - Салдо на с-ка донации | 434.335 денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 33.364.262 денари, се пренесува во делот на основниот буџет на Општина Аеродром за 2025 година.
(ОБ - 33.364.262 денари).

Салдото на буџетот на блок дотации во износ од 837.123 денари, се пренесува во делот на блок дотации на буџетот на Општина Аеродром за 2025 година.
(ОУ - 426.123 ден. + ДГ - 411.000 ден. =837.123 денари).

Салдото на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 3.096.223 денари, се пренесува во делот на самофинансирачки активности на Општина Аеродром за 2025 год.
(ОУ - 2.313.688 ден. + ДГ - 782.535 ден. =3.096.223 денари).

Салдото на буџетот на донации во износ од 434.335 денари, се пренесува во делот на донации на Општина Аеродром за 2025 година.
(ОБ – 13.855 ден. + ОУ –365.741 ден. + ДГ – 54.739 ден. =434.335 ден.).

Салдото на **посебните сметки (789)** се однесува на сметките за: доградба и наградба на ООУ Блаже Конески од страна на МОН во износ од 32.544.019 денари, за доградба и надградба на ДГ Изворче – ЈОУДГ Срничка од страна на МТСП во износ од 24.932.100 денари, и за набавка и садење на садници од страна на МЖСПП во износ од 68.224 денари. Салдото на посебните сметки во вкупен износ од 57.544.343 денари, се пренесува во делот на основниот буџет на Општина Аеродром за 2025 година.
(МОН – 32.544.019 ден. + МТПС – 24.932.100 ден. + МЖСПП - 68.224 денари =57.544.343 денари).

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година се објавува во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

**Совет на Општина Аеродром**

**Претседател,**

**Љупчо Ацковски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год. и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25 год.), Советот на Општина Аеродром на ---------- седница, одржана на --------- година, донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ТЕХНИЧКА КОРЕКЦИЈА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2024 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши техничка корекција на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, број 09-84/4 од 11.03.2025 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр. 03/2025), во преамбулата, член 1 и член 2.

**Член 2**

Во прембулата, во делот на цитираните службени весници кои се однесуваат на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, се додава бројот на „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 37/25.

Во член 1, во табелата во делот:
- III Дефицит/Суфицит, се брише „/Суфицит“.

Во член 2:
- во став 1, износот од 95.276.286 денари се заменува со износ од 95.300.436 денари;
- во став 1, алинеа 1, салдото од 95.276.286 денари се заменува со износ од 95.300.436 денари;
- во став 1, алинеа 1, точка 4, салдото од 3.096.223 денари се заменува со 3.120.373 денари;
- во став 4, салдото на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 3.096.223 денари се заменува со 3.120.373 денари и износот кај ОУ – 2.313.688 денари се заменува со 2.337.838 денари, а збирот на салдото на буџетот на самофинансирачките активности во износ од 3.096.223 денари се заменува со 3.120.373 денари;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Аеродром”.

Совет на Општина Аеродром
Претседател,
Љупчо Ацковски
___________________

Образложение

Во Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, број 09-84/4 од 11.03.2025 година ("Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 03/2025), во преамбулата, во член 1 и во член 2, се врши техничка корекција.

Со техничката корекција се врши усогласување согласно дадените насоки со допис со нивен бр.08-1983/144-1 од 24.03.2025 година доставен од страна на Министерството за финансии на РСМ, како и допис со бр.21-2057/1 од 27.03.2025 година, доставен од страна на ООУ „Димитар Македонски“ – Општина Аеродром.

в.д. Градоначалник на
Општина Аеродром
Дејан Митески